Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е З А Ј А В Е Н П О В И К**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на Урбанистички план за село Вељуса, Општина Струмица. Планскиот опфат го опфаќа селото Вељуса, општина Струмица, на подрачјето на КО Вељуса, и Вељуса вон град.

Површината на планскиот опфат изнесува 83,58ха.

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавна анкета ќе трае од 25.05.2022 година до 27.06.2022 година.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на основното училиште „Гоце Делчев“, во с.Вељуса, на ден 03.06.2022 година во 13:30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Бр.03-3293/4
05.05.2022 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов